УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 став 1 точка 40 од Статутот на Градежен факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/19), Наставно - научниот совет на Градежен факултет Скопје на 565. седница одржана на 25.03.2026 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
02-21 95-77
14-04-2026 год.

# ОДЛУКА

## за затворање (згаснување) на студиски програми од прв циклус на студии акредитирани во академската 2018/2019 година

1. Се затвораат (згаснуваат) студиските програми за **прв циклус студии** на Градежен факултет Скопје, заклучно до 30.9.2028, и тоа:
   - Студиската програма по Градежништво акредитирана 2018/2019 година,
   - Студиската програма по Геодезија акредитирана 2018/2019 година,
   - Студиската програма по Геотехничко инженерство акредитирана 2018/2019 година
2. Студентите од прв циклус студии, кои за прв пат се запишани на факултет во учебната 2022/2023 година, согласно член 31 од *Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр.622/2022)* можат да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале заклучно со третата (последна) испитна сесија предвидена за предметите запишани во летниот семестар во учебната 2027/2028 година. По истекот на овој рок студентите може да ги продолжат студиите по студиската програма акредитирана 2023/2024 год.
3. Студентите кои нема да ги завршат своите обврски до пропишаните термини, врз основа на барање ќе можат да ги продолжат студиите по наредната акредитација со еквиваленција изготвена од комисијата за прв циклус на студии и соодветна уплата според ценовникот на Факултетот.
4. Преминувањето од претходната, на студиска програма која се применува, се врши врз основа на припадност кон одредена студиска година, која е дефинирана согласно член 17 од Одлуката за правила на студирање.
5. Во учебната 2028/2029 година, доколку студентот од прв циклус на студии припаѓа во I студиска година, ги продолжува студиите според студиските програми акредитирани во академската 2028/2029 година. Доколку, студентот припаѓа во II и III студиска година, ги продолжува студиите според студиските програми акредитирани во академската 2023/2024 година.

ДЕКАН,

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ Република Северна Македонија во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Проф. д-р Јосиф Јосифовски

Доставено до:
- Продекани за настава
- Студентска служба
- Архива

Изработила: В.С.
Одобрил: Продекан за настава